СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# НАЦРТ-ЗАКОН ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

**- кратка информација -**

***Скопје, јануари 2024***

Предмет на оваа кратка информација е содржината на Нацрт-законот за обновливи извори на енергија. Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

Нацрт-законот е предвиден со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022-2024[1].

На 7.11.2023 година на ЕНЕР е објавено известување за почетокот на процесот за подготовка на Предлог-закон за обновливи извори на енергија, додека на 15.12.2023 е објавен нацрт-извештајот за проценка на влијанието на регулативата – Предлог-закон за обновливи извори на енергија како и Нацрт-законот обновливи извори на енергија[2].

Со предложениот закон за обновливи извори на енергија како и нацрт-законот за енергетика се врши усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, односно со новиот т.н. Пакет за чиста енергија, за кој Министерскиот совет на Енергетската заедница донесе Одлука на 15.12.2022 година[3].

Покрај обврската за транспонирање на актуелното законодавство на ЕУ во областа на енергетиката, неопходноста од нов закон произлегува и од досегашната примена на Законот за енергетика која укажа дека одредени законски решенија треба да се променат за да одговорат на новите потреби и развојни трендови во глобалниот и домашниот енергетски сектор[4]. Имајќи предвид дека во многу други држави во регионот обновливите извори на енергија се регулираат со посебни закони одвоени од другите енергетски закони и дека материјата претставува засебна целина, се пристапува кон донесување на посебен Закон за обновливи извори на енергија.

---

[1] Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022-2024 https://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programa_na_vladata_2022-2024.pdf (пристапено на: 9.1.2024)

[2] Предлог на закон за обновливи извори на енергија. https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=81522 (пристапено на: 12.01.2024)

[3] Во законот во согласност со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. D/2021/14/MCEnC се транспонираат Директивата (ЕУ) 2018/2001 за промоција на користењето на енергија од обновливи извори и Регулативата ЕУ 2018/1999 за управувањето со Енергетската Унија и активностите во областа на климата

[4] Нацрт на Закон за енергетика и Нацрт-закон за обновливи извори на енергија https://www.economy.gov.mk/mk-MK/news/nacrt-predlog-zakon-za-energetika-i-zakon-za-obnovlivi-izvori-na-energija.nspx (пристапено на: 09.01.2024)

Целта на овој закон е да обезбеди: намалување на употребата на фосилни горива и емисиите на стакленички гасови и зголемување на искористеноста на обновливите извори на енергија заради заштита на животната средина и ублажување на климатските промени; развој на претприемништвото и создавање нови работни места поврзани со добивање на енергија од обновливи извори; долгорочно намалување на зависноста од увоз на енергија, ефикасно користење на мерките на поддршка за инвестиции за добивање на енергија од обновливи извори на транспарентен, недискриминаторен, конкурентен и економичен начин со согласност со стратешко-планските документи во областа, поттикнување на развојот и користењето на нови и иновативни технологии и поттикнување на потрошувачите за поголемо користење на енергија од обновливи извори, како за производство на енергија од обновливи извори за сопствени потреби.

Нацрт-законот е составен од 38 члена распоредени во 9 делови: општи одредби; надлежности на органи и политика за обновливи извори на енергија; права и обврски на производители на енергија од обновливи извори; мерки за поддршка; активни потрошувачи; прекугранични механизми за производство и користење на енергија од обновливи извори; надзор; прекршочни одредби и преодни и завршни одредби.

Временската рамка за изготвување на предлог законот е од 25.10.2023 до 30.11.2023 година (предмет на измена). Јавната расправа за двата Закони беше закажана на 10.1.2024 година, со почеток во 10:00 часот во просториите на Стопанска комора на Република Северна Македонија.

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов

Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарниот институт,

________________________

м-р Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022-2024https://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programa_na_vladata_2022-2024.pdf .
2. Предлог на закон за обновливи извори на енергија. https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=81522
3. Нацрт на Закон за енергетика и Нацрт Закон за обновливи извори на енергија https://www.economy.gov.mk/mk-MK/news/nacrt-predlog-zakon-za-energetika-i-zakon-za-obnovlivi-izvori-na-energija.nspx


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384